ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

2022

# КОДЕКС НА ЕТИКА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Октомври 2022

Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија (во понатамошниот текст: Кодекс на етика) се заснова врз Кодексот на етика на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (МОВРИ/ISSAI 130) како составен дел на Рамката на професионални објави, принципи, стандарди и насоки на INTOSAI).

Целта на овој Кодекс е да се дефинираат етичките вредности, принципи и правила врз кои се заснова професионалното однесување на раководството и вработените на Државниот завод за ревизија (ДЗР), на тој начин помагајќи да се изгради и одржи довербата на засегнатите страни во активностите на институцијата.

Усогласеноста со Кодексот на етика на ДЗР придонесува кон унапредување и зајакнување на довербата на јавноста во институцијата осигурувајќи дека одлуките за активностите на институцијата се во согласност со општо прифатените морални и етички вредности.

Овој Кодекс на етика се однесува на Главниот државен ревизор и неговиот заменик, во понатамошниот текст „раководство“, како и на сите поединци директно вработени од ДЗР или во договорни односи ,да вршат ревизорска работа во име на ДЗР.

Кодексот на етика ги дефинира етичките стандарди – вредности и принципи кои се применливи и кои мора да бидат водилки на патот за раководството и вработените на ДЗР во нивната секојдневна работа и однесување.

## Поглавје I. ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ

### Општи одредби

1. Раководството и вработените на ДЗР треба да се придржуваат до највисоките стандарди на етичко однесување и преку своите постапки да го одржуваат високото ниво на стандарди.

2. Етичките вредности се концепти за тоа што е важно и соласно кое треба да се водат врховните ревизорски институции и нивните вработени во одлучувањето.

3. Етичките принципи даваат насоки за тоа како да се спроведат овие вредности во пракса и што претставува етичкото однесување.

4.Во Кодексот на етика се содржани следните пет основни етички вредности и принципи, како што се наведени во Кодексот на етика INTOSAI - ISSAI 130:

а)Интегритет – да се делувачесно, доверливо, во добра верба и во интерес на јавноста;

б) Независност и објективност – да се биде ослободен од околности или влијанија кои компромитираат или може да се сметаат како компромитирачки, да има професионално расудување и да се делува на непристрасен и објективен начин;

в) Компетентност – да се стекнуваат и одржуваат знаења и вештини соодветни на звањето и да се постапува во согласност со важечките стандарди и со должно внимание;

г) Професионално однесување – да се почитуваат важечките закони, регулативи и конвенции и да се избегнува секакво однесување што може да го наруши угледот на ВРИ;

д) Доверливост и транспарентност – соодветно да се заштитат информациите во рамнотежа со потребата за транспарентност и отчетност.